АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ИНФОРМАТОР

БРОЈ 78 Јануари 2009

## СРЕДБИ АКРМ - ВЛАДА

**По интензивните средби што ги имаше Претседателот на Управниот одбор на Адвокатска комора на Република Македонија, Г-дин Ненад Јаниќевиќ со членови на Владата и министерствата, при што беа истакнати барањата да адвокатите се иземат од плаќање на износ од две бруто просечни плати, адвокатите да се иземат од фискализација, а сето тоа да се регулира со Закон за адвокатска маркичка, како и враќање на шифрата на дејност - адвокатски работи во Националната класификација на дејности, Владата на Република Македонија наиде на разбирање за потребите на адвокатите и на првата седница на Владата ги разгледа барањата и позитивно одговори на истите, па во прилог Ви доставуваме одговор од Министерството за правда и заклучоците кои се усвоени.**

Република Македонија
Министерство за правда
Број: 07-496/2
23.01.2009 година
Скопје

АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

| Примено: 23.01.2009 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.един. | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 61 | | |

**ДО**
**АДВОКАТСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СКОПЈЕ**

**Предмет:** *Одговор на Ваш допис*

**Врска:** *Ваш број 03-55 од 22.01.2009 година*

Во врска со вашиот допис со наведениот број, кој се однесува на барањата на Адвокатската комора на Република Македонија за подобрување на законската рамка во областа на адвокатурата, Ве известуваме дека Министерството за правда и Владата на Република Македонија преземаат значајни чекори.

Имено, Министерството за правда изготви Информација во врска со фискализацијата на адвокатите која беше разгледана од Владата на Република Македонија и беа усвоени неколку заклучоци. Така, беше заклучено Министерството за финансии во соработка со Министерството за правда во рок од 30 дена да изготви Закон за адвокатска маркичка. Со тоа, ќе се избегне примената на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, каде што основицата за пресметка на придонесите за адвокатите е утврдена во износ од две просечни плати во Република Македонија.

Исто така, Државниот завод за статистика е задолжен да ја преиспита можноста во Националната класификација на дејности да ја врати шифрата на дејност на адвокатите 74.11/1-адвокатски работи.

Во контекст на подобрување на условите за работа со странките во судовите, би сакал да Ве информирам дека Владата на Република Македонија и Министерството за правда преземаат активности за прилагодување на шалтерите во судовите согласно општоприфатените стандарди.

*Со почит,*

*МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА,*
*Михајло Маневски*

## ИНФОРМАЦИЈА
## ВО ВРСКА СО ФИСКАЛИЗАЦИЈА НА АДВОКАТИТЕ

Согласно надлежностите на Министерството за правда, во соработка со Министерството за финансии и Управата за јавни приходи, извршена е фискализација на нотарите и извршителите.

Во членот 18 став 3 од Законот за адвокатура е пропишано дека на секој поднесок или исправа составена во адвокатска канцеларија, адвокатот е должен да стави штембил на адвокатското друштво, адвокатската маркичка издадена од надлежен државен орган, предвидена со посебен закон и коморска маркичка утврдена со акт на Адвокатската комора на Република Македонија и издадена од Адвокатската комора на Република Македонија. Исто така, во ставот 4 е пропишано дека при застапување пред суд и други органи, адвокатот е должен на судот да му предаде соодветна адвокатска и коморска маркичка за тоа застапување.

Во декември минатата година Адвокатската комора на Република Македонија со допис се обрати до Претседателот на Владата на Република Македонија во кој се наведуваат проблемите на адвокатите поради тоа што не е донесен Законот за адвокатска маркичка.

Исто така, во дописот на Адвокатската комора се наведува дека со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, основицата за пресметка на придонесите за адвокатите е утврдена во износ од две просечни плати во Република Македонија.

Со донесувањето на законот за адвокатска маркичка би се надминал и овој проблем, со оглед дека во него би биле утврдени основиците за даночно оданочување, со што би се избегнала одредбата од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување каде што основицата за пресметка на придонесите за адвокатите е утврдена во износ од две просечни плати во Република Македонија.

Како што се укажува во дописот од Адвокатската комора на Република Македонија, поради недонесувањето на законот за адвокатска маркичка, адвокатите се соочуваат со бројни проблеми во нивното функционирање.

Проектот за изготвување на Закон за адвокатска маркичка бил започнат во Министерството за финансии и истиот од Адвокатската комора и од адвокатите бил широко поддржан, затоа што со донесувањето на овој закон би се обезбедила фер наплата на даноците од страна на адвокатите. Но по започнувањето на изготвувањето на зконот, од Министерството за финансии овие активности се прекинати.

Исто така, во дописот од Адвокатската комора се наведува дека во новата Национална класификација на дејности е укината посебната шифра на дејности на адвокатите 74.11/1 - адвокатски работи. Министерството за правда со допис се обрати до Државниот завод за статистика со барање во Националната класификација на дејности да се врати шифра на дејности на адвокатите 74.11/1 - адвокатски работи.

Имајќи го предвид наведеното, Министерството за правда и предлага на Владата на Република Македонија да ја разгледа Информацијата во врска со фискализацијата на адвокатите и да ги усвои следниве заклучоци :

## ЗАКЛУЧОЦИ

1. **Владата на Република Македонија ја разгледа и ја усвои Информацијата во врска со фискализацијата на адвокатите;**
2. **Се задолжува Министерството за финансии да го изготви и во најкраток можен рок до Владата на Република Македонија да го достави Предлогот на закон за адвокатска маркичка; и**
3. **Се задолжува Државниот завод за статистика во Националната класификација на дејности да ја врати шифрата на дејности на адвокатите 74.11/1 - адвокатски работи**

## ОДЛОЖЕНО АКТИВИРАЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ШТРАЈК

По добивањето на Информацијата во врска со фискализацијата на адвокатите изготвена од страна на Министерството за правда и доставена до Владата на РМ, како и Дописот доставен до АКРМ од Министерството за правда, каде се наведуваат заклучоците усвоени од страна на Владата, како одговор на барањата на адвокатите во Република Македонија, беше одржан заеднички состанок на Управниот одбор на АКРМ и членовите на останатите органи и тела на АКРМ, односно дисциплинскиот обвинител на АКРМ, членовите на Дисциплинскиот суд, членовите на Жалбениот совет и членовите на Надзорниот одбор, како и претседателите на повеќе адвокатски заедници.

На овој состанок беше донесена одлука да се одложи активирањето на одлуката за прекин на работата на адвокатите, адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници, донесена од страна на Собранието на АКРМ, како највисок орган на Комората, и тоа за најмалку 30 дена.

Причина за одлагањето на активирањето на одлуката за штрајк е ажурноста на Владата, која веднаш одговори на барањата на адвокатите и АКРМ ја поздравува ваквата одлука на Владата да излезе во пресрет на барањата на адвокатите во Република Македонија. Имено, на итна седница на Владата беа донесени повеќе заклучоци како одговор на барањата на адвокатите, за кои писмено бевме известени со Дописот доставен до АКРМ од страна на Министерството за правда, а е објавен на првата страна од Информаторот.

Адвокатската комора на Република Македонија и понатаму ќе го следи спроведувањето на активностите за реализација на заклучоците усвоени од страна на Владата на Република Македонија, а во иднина исто така ќе бара во Законот за судови, кој ќе претрпи измени некаде во мај, да се наведе дека на секој поднесок доставен до судот и нотарите мора да има адвокатски печат.




## ДОНЕСЕНА ОДЛУКА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЧЛЕНАРИНА

На седница на Управниот одбор на АКРМ одржана на ден 24.01.2009 година, беше донесена одлука за намалување на коморската членарина.Имено, коморската членарина во износ од 5.000 денари која се плаќаше квартално е намалена на износ од 3.000 денари, кој износ ќе се плаќа во еднократен износ на почетокот на годината и тоа заклучно со 15 март тековната година. Оваа година одлуката за намалување на членарина е во примена од 01.02.2009 година и за 2009 година износот од 3000 денари мора да се плати најдоцна до 01.05.2009 година, со што се продолжува лиценцата на адвокатот.

## ЗАКОН ЗА АДВОКАТСКА МАРКИЧКА

На итна седница на Владата на РМ беа донесени повеќе заклучоци како одговор на барањата на адвокатите, за кои писмено бевме известени. Еден од усвоените заклучоци се однесува на изготвувањето на Закон за адвокатска маркичка, односно Министерството за финансии во соработка со Министерството за правда е задолжено во рок од 30 дена да изготви Закон за адвокатска маркичка, со што ќе се избегне примената на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, каде што основицата за пресметка на придонесите за адвокатите е утврдена на износ од две просечни плати во Република Македонија.

Со адвокатската маркичка ќе се реши прашањето на фискализација на адвокатите, како и прашањето за персонален данок. Освен тоа, со ова адвокатите ќе бидат први кои однапред ќе го плаќаат персоналниот данок, бидејќи адвокатските маркички ќе се купуваат однапред.

АКРМ веќе изготви работна верзија на Законот за адвокатска маркичка, која ја достави до УЈП. АКРМ има одлична соработка со УЈП и директорот Г-дин Горан Трајковски, и со свои претставници во мешовитата комисија која ќе работи на изготвување на законот, ќе придонесе за поквалитетна содржина на Законот за адвокатска маркичка.

**Во прилог на овој допис Ви го доставуваме и работниот текст на Законот за адвокатска маркичка изработен од страна на АКРМ, и воедно ги покануваме сите членови на Адвокатската комора на РМ да достават до АКРМ свои предлози и мислења.**

## РАБОТНА ВЕРЗИЈА
## ЗАКОН ЗА АДВОКАТСКА МАРКИЧКА

### Член 1

Адвокатската маркичка е фискален инструмент за аконтативна наплата на персонален данок на доход од адвокатската дејност и се употребува исклучиво од адвокатите запишани во Именикот на АКРМ за секое преземено дејствие на начин и постапка утврдени со овој закон.

### Член 2

Адвокатската маркичка претставува дел од надемостекот за секое преземено дејствие од адвокатот, односно дадената правна помош од адвокатот на странката утврдена со Адвокатската тарифа и странката е должна вкупниот надоместок утврден АТ да го плати на адвокатот при секое преземено дејствие или по договор.

### Член 3

Адвокатот е должен адвокатската маркичка да ја приложи на сите правни акти, писмена (поднесоци и сл.) кои ги доставува до судот, органите на управата : односно на сите правни акти и писмена кои ги доставува до државни и други органи со јавни овластувања( Централен регистар, нотари, извршители и др.) за секое преземено дејствие во односната постапка.

Под дејствие се подразбира и застапување на рочишта во судска или управна постапка.

Судот и другите органи од став 1 на овој член до кои е доставен правниот акт, поднесокот или друго писмено или е преземено дејствие на застапување, врши поништување на адвокатската маркичка.

Од приложување на адвокатска маркичка се ослободени другите полномошници согласно член 81 став 1 алинеа 2 и 3 од ЗПП. Лицата кои се ослободени од приложување на адвокатска маркичка должни се пред судот и другите органи од став 1 од овој член да го доставт својот единствен матичен број на граѓанинот и доказ за заснован работен однос со правното лице каде што е вработен или доказ дека е во сродство со лицето кое го застапува.

Судот и другите органи од став 1 на овој член не смеат да примат правен акт, писмено или поднесок ниту да допуштат преземање на дејствие без приложување на адвокатска маркичка освен за лицата од член 81 став 1 алинеа 2 и 3 од ЗПП.

**Член 4**

Емисијата, видот и вредноста на апоените (боја , форма, изглед и сл.) како и дистрибуција - продажба на адвокатската маркичка ја врши Министерството за финансии на РМ, а приходот од продажбата е приход на Буџетот на РМ.

Адвокатски маркички може да купи само адвокат лично.

Адвокатот е должен да води евиденција за вкупно искористените адвокатски маркички и истата заедно со даночната пријава да ја доставува до УЈП односно до Регионалната дирекција на подрачјето каде е регистрирано неговото седиште.

**Член 5**

Вредноста на адвокатската маркичка износува соодветен процент утврден со Законот за персонален данок од доход од основицата на тарифираното дејствие согласно Адвокатската тарифа.

**Член 6**

Неискористените адвокатски маркички, адвокатот има право во секое време да ги врати на УЈП, а УЈП е должна да му го рефундира целокупниот износ.

**Член 7**

Адвокатот е ослободен од плаќање на износот на адвокатската маркичка при давање на правна помош или застапување во случај на сиромашко право.

Решението за назначување на став 1 од овој член претставува основ за ослободување од обврската за наплата на адвокатската маркичка.

**Член 8**

Врз основа на добиениот преглед како и врз основа на поднесената даночна пријава од адвокатот, УЈП донесува решение за годишен даночен облог при што е должна да го земе во предвид во целост уплатениот износ на аконтативно платениот персонален данок при што треба да изврши и намалување на истиот за личното даночно ослободување за изминатата година како и просечниот, утврдениот износ на материјалните трошоци на адвокатот за претходната година, како одбитна ставка.

Доколу адвокатот според годишното даночно решение со вклучените даночни ослободувања и одбитоци, платил повеќе персонален данок преку адвокатски маркички, УЈП е должна тој износ да го смета како аконтација за персонален данок за наредната година, а доколку адвокатот има оправдани причини (одење во пензија, мирување и престанок на вршење на дејноста и сл.) по негово барање да му ја врати разликата.

**Член 9**

Согласно одредбите на овој закон адвокатите немаат обврска готовинските наплати да ги регистрираат на фискална каса и да издаваат фискални сметки.

**Член 10**

Со влегувањето во сила на овој закон, на адвокатите нема да се применува одредбата од член 14 став 1 точка 4 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

**Член 11**

За примена на одредбите на овој закон , треба да се извршат соодветни измени и дополнувања на следните закони ( ЗКП, ЗОУП, ЗУС, Закон за вршење на нотарски работи, ЗИ, Закон за персонален данок од доход, Закон за даночна постапка, Закон за едношалтерски систем).

АДВОКАТСКА КОМОРА НА РМ

Мој живот. Мое осигурување.
Еуролинк Осигурување АД Скопје
Еуролинк Осигурување АД Скопје, Васил Главинов 12 ТЦЦ Плаза 1ви кат 1000 Скопје, Македонија, ИНФО БРОЈ 02 15115
Тел. (02) 32 31 623; (02) 32 31 623; Факс (02) 32 31 625; E-mail:eurolink@eurolink.com.mk, www.eurolink.com.mk

## ОПШТ ПОВИК
## ЗАКОН ЗА МАЛОЛЕТНИЧКА ПРАВДА

**Согласно првичните активности по донесувањето на Законот за малолетничка правда, чија примена е одложена за втората половина на 2009 година, предвидени се и почетни и специјализирани обуки на адвокатите, за нивно успешно вклучување и заштита на правата и интересите на децата и малолетниците како пред Центрите за социјална работа, така и во подготвителната постапка, постапката пред Советот за малолетници и заштита на малолетниците како оштетени-жртви во кривичната постапка. Во тек е реализацијата на Програмата со која ќе се создадат неопходни услови за функционирање на сите субјекти опфатени со одредбите на овој закон, меѓу кои е неопходно активно учество на Адвокатската комора на Република Македонија.**

**Со цел изготвување на конечен список на адвокати кои би биле заинтересирани и би земале активно учество во наведените постапки опфатени со Законот за малолетничка правда, кој список ќе се достави до Министерството за правда на Република Македонија, сите адвокати кои сакаат да бидат дел од овој проект, а сеуште не се пријавиле истото можат да го направат најкасно до 15 Мај 2009 година, во Адвокатска комора на Република Македонија на тел. 02 / 3165 409 и 02 / 3212 452 и на е-маил: lawyermk@mba.org.mk.**

*32 ГОДИНИ*




**ПОПУСТ ЗА АДВОКАТИ !!!**

- третмани на лице и тело
- третмани за слабеење
- депилација
- маникир и педикир
- детокс
- акрилни нокти

Козметичкиот салон Полена работи исклучиво со реномирани производи од Далтон, Јансен, Афродита, Етребелле и Риор.

ул. Даме Груев бр. 1 - Градски ѕид
наспроти Собрание на Република Македонија
тел. 02 / 3223-116 тел. 075 / 28 44 11

COSMOFON

COSMOFON - Услуги на мобилна телефонија АД Скопје
Бул. К.Ј.Питу 15, 1000 Скопје, Македонија
тел. 02 - 244 - 1000; Факс: 02 244 1122
www.cosmofon.com.mk

Издава : АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СТРУЧНА СЛУЖБА